# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА

## ЗА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА (ИПА), КАКО ХОРИЗОНТАЛНО ПРАШАЊЕ ВО РАБОТАТА НА СЕКТОРСКИТЕ РАБОТНИ ГРУПИ

*јануари – декември 2021*

ИПА

ИПА

СО ДИЈАЛОГ КОН ЕУ

# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА

## ЗА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА (ИПА), КАКО ХОРИЗОНТАЛНО ПРАШАЊЕ ВО РАБОТАТА НА СЕКТОРСКИТЕ РАБОТНИ ГРУПИ

*јануари – декември 2021*

Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

РЕАКТОР
истражување во акција

ЕВРОТИНК
ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ
CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES
EUROTHINK
eurothink.mk

# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА ЗА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА (ИПА), КАКО ХОРИЗОНТАЛНО ПРАШАЊЕ ВО РАБОТАТА НА СЕКТОРСКИТЕ РАБОТНИ ГРУПИ ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2021

Издавач:
Фондација Отворено општество – Македонија

За издавачот:
Фани Каранфилова – Пановска, извршна директорка

Автор:
Александар Колекески

Уредници:
Данче Даниловска–Бајдевска
Нада Наумовска
Сандра Анастасовска Кузмановски

Графичка подготовка:
Кома

Лектура:
Елеонора Стојкоска-Попетревска

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

35.075.2:341.171(4-672ЕУ:497.7)"2020"(047)

КОЛЕКЕСКИ, Александар
Извештај во сенка за инструментот за претпристапна (ипа), како хоризонтално прашање во работата на секторските работни групи [Електронски извор] : јануари - декември 2021 / [Александар Колекески].
- Скопје : Фондација Отворено општество - Македонија, 2022

Начин на пристапување (URL): https://eur01.safelinks.protection.outlook.com/?url=https%3A%2F%2Fwww.dijalogkoneu.mk%2F&data=05%7C01%7C%7C52d65016396946c7cb6508da33317947%7C6dd6692964ee4888a65ab847baf12c47%7C0%7C0%7C637878584828289298%7CUnknown%7CTWFpbGZsb3d8eyJWIjoiMC4wLjAwMDAiLCJQIjoiV2luMzIiLCJBTiI6Ik1haWwiLCJXVCI6Mn0%3D%7C3000%7C%7C%7C&sdata=r7H8Dw3ZFrYDq7h41wa2wDvHemomnsr2ncTDcPLEnhk%3D&reserved=0. - Текст во PDF формат, содржи 52 стр., табели. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 11.05.2022. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-218-389-3

а) Процес на пристапување во ЕУ -- Секторски работни групи -- Македонија -- 2021 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 57338629

---

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Фондацијата Отворено општество – Македонија, Евротинк - Центар за европски стратегии, Реактор – Истражување во акција и Центар за граѓански комуникации и не нужно ги одразува ставовите на Европската унија.

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| **ВОВЕДНИ ИНФОРМАЦИИ** | **5** |
| **1. ПРОГРАМИРАЊЕ НА ИПА 3 (2021-2027)** | **7** |
| **2. НАОДИ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА НА НАЦИОНАЛНАТА ИПА-СТРУКТУРА** | **15** |
| 2.1 Достапност на актите и документите | *16* |
| 2.2 Стапка на промена на вработени | *17* |
| 2.3 Вработени во структурите на ИПА распоредени според систематизација | *21* |
| 2.4 Оперативна политика за задржување на вработените во ИПА-структурите | *22* |
| 2.5 Оперативни програми за обука на вработените во структурите | *22* |
| 2.6 Објавување индикативен календар за програмирање на ИПА 2 | *24* |
| 2.7 Информации за стапката на склучени договори на годишно ниво за ИПА 2 | *24* |
| 2.8 Информации за стапката на исплати на ниво на ИПА-програма | *25* |
| 2.9 Информации за неправилности и измами | *25* |
| 2.10 Достапност на ревизорски извештаи | *26* |
| **ФИНАЛНИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** | **29** |
| **АНЕКС 1 ПРОГРАМИРАЊЕ НА ИПА 3 ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2021 ГОДИНА** | **31** |
| **АНЕКС 2 ПРОГРАМСКИ ДОКУМЕНТИ 2021 И 2022 ГОДИНА** | **43** |

# ВОВЕДНИ ИНФОРМАЦИИ

Извештајот за следење во сенка како хоризонтално прашање го обработува Инструментот за претпристапна помош во тековната и претходната финансиска перспектива и тоа ИПА 3 (2021-2027) со актуелниот процес на програмирање и наодите од следењето на работата на националната ИПА-структура со спроведувањето на преостанатите обврски од ИПА 2 (2014-2020)[1]. Периодот што го опфаќа извештајот е од 1.1.2021 до 31.12.2021г. Специфични прашања на кои се насочува овој дел од извештајот се однесуваат на:

- Достапност на актите и документите за ИПА 2;
- Стапка на промена на вработени;
- Вработени во структурите на ИПА распоредени според систематизација;
- Оперативна политика за задржување на вработените во ИПА-структурите;
- Оперативни програми за обука на вработените во структурите;
- Објавување индикативен календар за програмирање на ИПА;
- Информации за стапката на склучени договори на годишно ниво за ИПА 2;
- Информации за стапката на исплати на ниво на ИПА 2;
- Информации за неправилности и измами;
- Достапност на ревизорски извештаи.

1 Република Северна Македонија во 2021 г. беше корисник и на мал дел од преостанати обврски од ИПА 1 (2007-2014).



# 1.
# ПРОГРАМИРАЊЕ НА ИПА 3 (2021-2027)

Инструментот за претпристапна помош ИПА 3 се однесува на програмскиот период 2021-2027 година. Европската комисија го воведе овој инструмент со новата Финансиска перспектива на Европската Унија. ИПА 3 е воведена со усвојувањето на Регулативата за воспоставување на Инструментот и Регулатива со правила и принципи за спроведување на ИПА 3[2] од страна на Европската Унија, кои се поврзуваат со други фондови, програми и инструменти на Унијата, а првенствено со Инструментот за соседство, развој и меѓународна соработка[3].

Според структурата, ИПА 3 е поделена на 5 прозорци, а секој прозорец се состои од тематски приоритети.

2 Regulation of the European Parliament and of the Council establishing the Instrument for Pre-accession Assistance (IPA III) COM/2018/465 final.

3 Neighbourhood, Development and International Cooperation Instrument (NDICI)

## ТАБЕЛА 1.

*Прозорци и тематски приоритети на ИПА 3*

| ПРОЗОРЕЦ 1: ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО, ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА И ДЕМОКРАТИЈА | ПРОЗОРЕЦ 2: ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ, УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО, ДОБРОСОСЕДСКИ ОДНОСИ И СТРАТЕШКА КОМУНИКАЦИЈА |
|---|---|
| ◆ Правосудство;<br>◆ Борба против корупција;<br>◆ Борба против организиран криминал;<br>◆ Миграција и управување со граници;<br>◆ Фундаментални права;<br>◆ Демократија;<br>◆ Граѓанско општество. | ◆ Добро владеење;<br>◆ Административни капацитети и усогласување на националното законодавство со европското законодавство;<br>◆ Добрососедски односи и помирување;<br>◆ Стратешка комуникација, мониторинг, евалуација и комуникациски активности. |
| **ПРОЗОРЕЦ 3: ЗЕЛЕНА АГЕНДА И ОДРЖЛИВА ПОВРЗАНОСТ** | **ПРОЗОРЕЦ 4: КОНКУРЕНТНОСТ И ИНКЛУЗИВЕН РАСТ** |
| ◆ Животна средина и климатски промени;<br>◆ Транспорт, дигитална економија и енергетика. | ◆ Образование, вработување, социјална заштита и инклузивни политики и здравство;<br>◆ Развој на приватен сектор, трговија, истражување и иновации;<br>◆ Земјоделство и рурален развој;<br>◆ Рибарство. |
| **ПРОЗОРЕЦ 5: ТЕРИТОРИЈАЛНА И ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА** | |
| Овој прозорец се состои од посебна листа на тематски приоритети дадени со анекс 2 на ИПА 3-регулативата[4]. Модалитетите на спроведување на оваа компонента се преку:<br>◆ Прекугранична соработка со ИПА-земјите;<br>◆ Учество во микрорегионални стратегии. | |

4 COM/2018/465

Според Регулативата за воспоставување на ИПА 3, Европската комисија предлага Програмска рамка за периодот 2021-2027 година, која се состои од сите приоритетни области предвидени за финансирање. Врз основа на програмската рамка, секоја од државите што се дел од ИПА 3[5] подготвува стратегиски одговор со образложение за поврзаноста на ЕУ-приоритетите со националните и секторските стратегиски документи, а во следна фаза и проектите.

Во ИПА 3 средствата не се распределуваат според одделни алокации наменети посебно за секоја држава. Од вкупните 14.162 милијарди евра, државите ќе мора да конкурираат со своите расположливи капацитети и проекти за добивање дел од средствата. Сепак, се воведува и принципот на фер распределба[6] за одреден баланс и рамномерна распределба на вкупните ИПА 3 средства помеѓу државите корисннички.

Програмирањето на ИПА 3 се спроведува во две фази.

1. Проценка на релевантност. Во оваа фаза се изготвуваат сумарни акциски фишеа со образложенија на предлог-проектите на државата. Европската комисија ги оценува овие фишеа од аспект на нивната релевантност.

2. Проценка на зрелост. Во оваа фаза се изготвуваат акциски документи, само за проектите што ја поминале проценката на релевантност, по што проектите целосно се образложуваат. Европската комисија ги оценува проектите според нивната зрелост. По одобрувањето на акциските документи, државата до Европската комисија доставуваат тендерски документи за проектите одобрени во двете фази, по што следува склучување финансиски спогодби за одделните акциски документи.

**Процесот на програмирање на ИПА 3 во 2021 година** ги опфати стратегиските документи и Акциските програми за 2021 и 2022 година, како и одредниците за следните програмски години 2023 и 2024 година (Види Анекс 1). Начелно предвидено е процесот да се организира во рамките на постојните секторски работни групи (СРГ-а), воспоставени со секторскиот приод на ИПА 2. Процесот на консултации, во принцип, се одвива за сите тематски приоритети. Националниот координатор на ИПА и Секретаријатот за европски прашања, кој дејствува како канцеларија на НИПАК, во прва фаза иницира подготовка на Стратегискиот одговор. Консултациите пона-

5 Албанија, Босна и Херцеговина, Република Северна Македонија, Косово, Црна Гора, Србија и Турција.

6 Fair share

таму се канализираат преку рамката на секторските работни групи, со кои претседаваат релевантните министри, преку вклучување релевантни национални власти, донатори и граѓанско општество. Владата ги одобри[7] стратегиските одговор на ниво на тематски приоритет во март 2021 година и ги консолидира во единствен стратегиски одговор, во процес кој започна кон крајот на 2020 и заврши во 2021 година.

Во текот на првиот квартал на 2021 година, НИПАК секретаријатот ја координираше активноста за финализирање на стратегискиот одговор во рамките на ИПА 3 и акциските документи за 2021 година. Во март 2021 година поднесен е стратегиски одговор на ниво на 17 тематски приоритети[8] и 6 акциски документи за 2021 година[9]. Акциските документи за 2021 година ја поминаа и втората фаза на испитување на зрелоста на предложените проекти во службите на Европската комисија. Имплементирачка одлука на Европската комисија за финансирање на годишниот акционен план во корист на Република Северна Македонија за 2021 година е донесена на 16.12.2021 г.[10]

Усвоената годишна одлука за финансирање се состои од **годишна програма за работа за спроведување на годишниот акциски план за Северна Македонија за 2021 година.** Акцискиот план вклучува шест акциски документи. Максималниот придонес на Унијата за спроведување на акцискиот план за 2021 година е утврден на 90,45 милиони евра од вкупен буџет од 110,18 милиони евра.

7 https://vlada.mk/2021-053

8 Сите од првите 4 прозорци.

9 https://www.sep.gov.mk/data/file/IPA/FW__2021_AD_confirmed_after_after_maturity_assessment_.zip

10 C(2021) 9732

## ТАБЕЛА 2.

*ИПА 3 годишен акциски план за Северна Македонија за 2021 година*

| ИПА 3 ПРОЗОРЕЦ | ТЕМАТСКИ ПРИОРИТЕТ | АКЦИСКИ ДОКУМЕНТ | ПРОЦЕНЕТ ВКУПЕН БУЏЕТ (МИЛИОНИ ЕВРА) | БАРАН ПРИДОНЕС ОД ИПА (МИЛИОНИ ЕВРА) | НАЧИН НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|---|
| Владеење на правото, фундаментални права и демократија | 1- Правосудство<br>2 - Борба против корупцијата | ЕУ за ефикасно судство и засилена превенција на корупцијата | 9.6 | 8,5 | Директно управување |
| Владеење на правото, фундаментални права и демократија | 3 - Борба против организираниот криминал/безбедност<br>4 - Миграција и управување со границите | ЕУ против организираниот криминал, за поддршка на трговијата | 14 | 10,6 | Директно управување и индиректно управување со Меѓународната организација |
| Добро владеење, усогласување на законодавството, добрососедски односи и стратегиска комуникација | 2 -Административен капацитет и усогласување со законодавството на ЕУ<br>4 - Стратегиски активности за комуникација, следење, евалуација и комуникација | Механизам за интеграција во ЕУ | 5,5 | 5,5 | Директно управување |
| Зелена агенда и одржлива поврзаност | 1 - Животна средина и климатски промени | ЕУ за стандарди за животна средина и чист воздух | 26 | 22 | Директно управување и индиректно управување со Меѓународната организација |
| Зелена агенда и одржлива поврзаност | 1 - Животна средина и климатски промени | ЕУ за Преспа | 21,73 | 18 | Директно управување и индиректно управување со Меѓународната организација |
| Зелена агенда и одржлива поврзаност | 2 - Развој на приватниот сектор, трговија, истражување и иновации<br>3 - Земјоделство и рурален развој | ЕУ за зелена економија | 33,35 | 25,85 | Директно управување |

Карактеристично за годишниот акциски план за 2021 година е тоа што е утврдено сите акции да се спроведуваат со директно управување, дополнително во однос на три од акциите се предвидува покрај директното управување и индиректно управување со Меѓународната организација. Државните институции не се одговорни за управување на акциските документи од 2021 година. Во претходната финансиска перспектива на ИПА за периодот 2014-2020 година се користеше индиректно управување со државните институции, но поради апсорпциската моќ и расположливите административни капацитети, за програмата од 2021 година направена е промена.

**Предлогот на ИПА 3 годишен акциски план за Северна Македонија за 2022 година** доставен до Европската комисија за финансирање, исто така, се состои од годишна програма за работа за спроведување на годишен акциски план за Северна Македонија за 2022 година. Акцискиот план вклучува исто така шест акциски документи. Индикативните алокации за максималниот придонес на Унијата за спроведување на акцискиот план за 2022 година е утврден на 93 милиони евра од вкупен буџет од 139,62 милиони евра.

## ТАБЕЛА 3.

*Предлог на ИПА 3 годишен акциски план за Северна Македонија за 2022 година доставен до Европската комисија*

| ИПА 3 ПРОЗОРЕЦ | ТЕМАТСКИ ПРИОРИТЕТ | АКЦИСКИ ДОКУМЕНТ | ПРОЦЕНЕТ ВКУПЕН БУЏЕТ (МИЛИОНИ ЕВРА) | БАРАН ПРИДОНЕС ОД ИПА (МИЛИОНИ ЕВРА) | НАЧИН НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|---|
| Владеење на правото, фундаментални права и демократија | 3 - Борба против организираниот криминал/безбедност<br>4 - Миграција и управување со границите | Подобрување на управувањето со миграцијата | 8 | 8 | Индиректно управување со меѓународна организација. Или директно управување<br>* може да се одложи за 2023 година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Добро владеење, усогласување на законодавството, добрососедски односи и стратегиска комуникација | 1 - Добро владеење | ЕУ за модерна јавна администрација | 18,0 | 18,0 | Директно управување. |
| Добро владеење, усогласување на законодавството, добрососедски односи и стратегиска комуникација | 2 -Административен капацитет и усогласување со законодавството на ЕУ<br>4 - Стратегиски активности за комуникација, следење, евалуација и комуникација | Механизам за интеграција во ЕУ | 10,0 | 10,0 | Директно управување. |
| Зелена агенда и одржлива поврзаност | 1 - Животна средина и климатски промени | ЕУ за модерни системи за отпадни води | 63,0 | 26,5 | Индиректно управување со државата или на друг начин |
| Зелена агенда и одржлива поврзаност | 2: Транспорт, дигитална економија и општество и енергија | ЕУ за транспортно поврзување и безбедни патишта | 29,5 | 19,5 | Директно управување или на друг начин |
| Прозорец 4: конкурентност и инклузивен раст | 2 - Развој на приватниот сектор, трговија, истражување и иновации<br>3 - Земјоделство и рурален развој | ЕУ за подобрена здравствена и социјална заштита и родова еднаквост | 11,12 | 11,0 | Директно управување |



# 2.
# НАОДИ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА НА НАЦИОНАЛНАТА ИПА-СТРУКТУРА

Во текот на 2021 година националната ИПА-структура функционираше во услови на пандемија на ковид-19. За потребите на извештајот остварени се вкупно 11 онлајн-интервјуа[11] и едно интервју со физичко присуство[12], со претставниците на релевантните институции. Испратени се вкупно 11 барања за пристап до информации од јавен карактер, специфично за овој сегмент на истражувањето, и тоа шест за Министерството за финансии и пет за Секретаријатот за европски прашања. Сите барања за пристап до информации се одобрени и за нив се добиени писмени одговори.

Во текот на 2021 година, прв пат од страна на владата е обезбеден времено решение за мотивација и задржување на вработените во ИПА-структурите со 15% линеарен додаток на плата на вработените на годишно ниво за 2021 година.

11 Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за финансии, Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Кабинет на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, Министерство за труд и социјална политика и Министерство за образование, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за локална самоуправа, Министерство за здравство.

12 Министерство за труд и социјална политика - интеграција на Роми

Генерално се задржува трендот на лесна достапност на актите и документите за ИПА, особено за програмирањето на ИПА 3. Трета година во континуитет се објавува годишен извештај[13] за имплементација на помошта со зголемување на квалитетот на информациите во секое поново издание.

## 2.1 ДОСТАПНОСТ НА АКТИТЕ И ДОКУМЕНТИТЕ

Според методологијата за следење на работата и ефектите на секторските работни групи, се проверува дали јавно се достапни релевантни акти и документи што се однесуваат на ИПА 2 и ИПА 3 на веб-страниците на надлежните институции.

### ИПА II

*Законот за ратификација на Рамковната спогодба*[14] и *Уредбата*[15] се јавно достапни на страницата на Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД). На својата веб-страница ЦФЦД ја има објавено Рамковната спогодба за ИПА 2[16], како и *Уредбата за ИПА 2*[17].

На веб-страницата на Секретаријатот за европски прашања, во менито „Пристапна поддршка" постои опција ИПА 2014-2020, линкот е во функција при сите обиди да се пристапи[18] кон него. Регистарот на документи на СЕП [19] би можел да се ажурира со клучните документи за ИПА.[20]

13 https://www.sep.gov.mk/post/?id=5772#.YheErOjMI2x

14 Рамковната спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на Европските заедници за правилата за соработка во врска со финансиската помош на Европските заедници за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), „Службен весник на Република Македонија" бр. 99 од 16.6.2015 година

15 Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите во рамките на системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош ИПА 2

16 Ibid Ref 14

17 Ibid Ref 15

18 http://www.sep.gov.mk/content/?id=154 - Пристапувано е еднаш месечно во периодот помеѓу 15 септември до 15 декември 2021 година

19 http://www.sep.gov.mk/content/?id=96#.Xo2rxsgzaUk

20 Законот за ратификација на Рамковната спогодба, Уредбата, Секторските спогодби и Финансиските спогодби

Секторските спогодби на ИПА 2 се достапни на страниците на СЕП и ИПАРД Агенцијата[21]. СЕП ја унапредува својата работа во овој сегмент со тенденција да ја унапреди веб-страницата[22] за целосен и сеопфатен преглед на документите.

## ИПА 3

Во однос на ИПА 3, продолжува трендот на добра достапност на документите за програмирање на веб-страницата на Секретаријатот за европски прашања, каде што централно се дадени информации за процесот на програмирање: стратегиските одговори и акциските документи за 2021 и 2022 година. Објавени се комплетно сите стратегиски одговори за сите тематски приоритети во еден единствен документ[23]. Објавени се 22 акциски фишеа за 2021 и 2022 година[24]. Објавени се шест акциски документи (види Табела 2) за Годишната акциска програма за ИПА 2021 и шест акциски документи (види Табела 3).

Регулативата за воспоставување на Инструментот за претпристапна помош ИПА 3 (2021-2027) не е објавена.

# 2.2 СТАПКА НА ПРОМЕНА НА ВРАБОТЕНИ

Во извештајот се следи стапката на промена на вработени во институциите од ИПА-структурата[25]. Како основа за следење се зема бројот на вработените и врз основа на тој број се пресметува и сле-

21 http://ipard.gov.mk/wp-content/uploads/2015/05/SECTORAL-AGREEMENT.pdf

22 https://www.sep.gov.mk/category/?id=56

23 https://www.sep.gov.mk/data/file/IPA/IPA%20III%20STRATEGIC%20RESPONSE.docx

24 https://www.sep.gov.mk/page/?id=1120#.YgaJrd_MI2y

25 Органите во ИПА-структурата ги назначува Владата и тоа: (1) Национален координатор за ИПА - НИПАК е вицепремиерот за евроинтеграции. Секторот за координација на фондовите од ЕУ и другата странска помош при Секретаријатот за европски прашања на Владата ја извршува функцијата Секретаријат на НИПАК. (2) Национален координатор за авторизација – НАО е раководителот на Секторот за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош ИПА во рамките на Министерството за финансии. Овој сектор ја извршува функцијата на управувачка структура. Управувачката структура е составена од Национален фонд и Одделение за поддршка на националниот координатор за авторизација (НАО) во рамките на Министерството за финансии, (3) Раководител на оперативната структура за ИПА 2 - ХОС е раководителот на Секторот за централно финансирање и склучување договори во рамките на Министерството за финансии. Оперативната структура за ИПА 2 ја сочинуваат: Секторот за централно финансирање и склучување договори во рамките на Министерството за финансии, во улога на договорен орган и Структурата на ИПА во рамките на институциите што се корисници на помошта од ИПА 2.

ди стапката. При изработката на извештајот беа испратени барања за пристап до информации од јавен карактер до надлежните институции[26], кои беа одобрени и одговорени.

Постои нагорна промена на вработените кај седум од вкупно 13 ентитети:

1. Управувачка структура сектор за управување со ИПА во Министерство за финансии
2. Договорен орган Сектор за централно финансирање и склучување договори - договорен орган во Министерство за финансии
3. Секретаријат за европски прашања (NIPAC 0ffice)
4. Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој – ИПАРД Агенција
5. Министерство за образование и наука
6. Министерство за транспорт и врски
7. Министерство за животна средина и просторно планирање

Кај телото за управување при МЗШВ, управувачката структура, постои негативна промена. Генерално, постои тренд на флуктуации на вработените, како и перцепција кај вработените во ИПА-структурите дека постои редовен одлив на кадрите, нотирано во интервјуата.

Во 2021 година е задржан трендот на трансфер на надлежностите од индиректниот кон директниот начин на управување[27]. Причините за овој тренд би можеле да се поврзат со ненавременото искористување на средствата од децентрализираните средства на ИПА 1, односно индиректниот менаџмент преку државните институции во однос на ИПА 2, а потребни се дополнителни анализи за утврдување на причините и идентификување можности за унапредување. Во текот на 2021 година структурите се ставени во функција на директното управување и ги носат следните насловници:

26 Министерство за финансии – НАО, Министерство за локална самоуправа, Министерство за финансии, Министерство за транспорт и врски, Министерство за образование и наука, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за внатрешни работи, Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство, Министерство за правда, Министерство за информатичко општество и администрација пратија линкови до своите интернет-страници и Министерството за здравство, кое одговорите не ги даде писмено туку преку интервју.

27 Трансфер на надлежности од националните институции кон телата на Европската Унија.

- Хоризонтални структури надлежни за имплементирање на програмите од надлежност на DG NEAR и DG;
- Оперативна структура за имплементирање на програмите од надлежност на DG NEAR - Годишна акциска програма за Годишна акциска програма за 2017 и Повеќегодишна акциска програма од областа на транспорт и животна средина и климатски промени.

### ТАБЕЛА 4.
*Состојба со човечки ресурси во ИПА-структурите*

| СОСТОЈБА СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ИПА-СТРУКТУРИТЕ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2019 | | 2020 | | 2021 | |
| | Министерство/ Институции (Управувачка и оперативна структура надлежна за имплементирање на ИПА 2-програмите преку индиректен начин на управување) | Број на вработени на 1.1. 2019 | Број на вработени на 31.12. 2019 | Број на вработени на 1.1. 2020 | Број на вработени на 31.12. 2020 | Број на вработени на 1.1. 2021 | Број на вработени на 31.12. 2021 |
| ХОРИЗОНТАЛНИ СТРУКТУРИ НАДЛЕЖНИ ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ ОД НАДЛЕЖНОСТ НА DG NEAR И DG | | | | | | | |
| 1 | Управувачка структура сектор за управување со ИПА во Министерство за финансии | 17 | 17 | 17 | 15 | 15 | 18 |
| 2 | Договорен орган Сектор за централно финансирање и склучување договори - договорен орган во Министерство за финансии | 42 | 39 | 39 | 41 | 41 | 42 |
| 3 | Секретаријат за европски прашања (NIPAC 0ffice) | 15 | 15 | 15 | 16 | 16 | 18 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ОПЕРАТИВНА СТРУКТУРА ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ИПАРД-ПРОГРАМАТА 2014-2020 | | | | | | | |
| 4 | Тело за управување при МЗШВ-Managing Authority | 17 | 15 | 14[28] | 15 | 15 | 14 |
| 5 | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој - ИПАРД Агенција | 109 | 114 | 117[29] | 123 | 123 | 126 |
| ОПЕРАТИВНА СТРУКТУРА ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ ОД НАДЛЕЖНОСТ НА DG NEAR - ГОДИШНА АКЦИСКА ПРОГРАМА ЗА ГОДИШНА АКЦИСКА ПРОГРАМА ЗА 2017 И ПОВЕЌЕГОДИШНА АКЦИСКА ПРОГРАМА ОД ОБЛАСТА НА ТРАНСПОРТ И ЖИВОТНА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ | | | | | | | |
| 6 | Министерство за внатрешни работи | 6 | 5 | 5 | 6 | 6 | 6 |
| 7 | Министерство за правда | 5 | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 |
| 8 | Министерство за труд и социјална политика | 6 | 7 | 7 | 8 | 8 | 8 |
| 9 | Министерство за образование и наука | 4 | 3 | 3 | 4 | 4 | 6 |
| 10 | Министерство за транспорт и врски | 6 | 6 | 6 | 7 | 7 | 9 |
| 11 | Јавно претпријатие за државни патишта PESR | 12 | 12 | 12 | 12 | 12 | 12 |
| 12 | Министерство за животна средина и просторно планирање | 11 | 10 | 10 | 10 | 10 | 14 |
| 13 | Проектна единица за имплементација на инфраструктурни проекти PIUIPs Environment | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| | **ВКУПНО** | **252** | **250** | **252** | **263** | | |

28 едно лице е заминато на 31.12.2019 година

29 дополнителна организациска единица со три лица е вклучена во структурата на 1.1.2020 година

## 2.3 ВРАБОТЕНИ ВО СТРУКТУРИТЕ НА ИПА РАСПОРЕДЕНИ СПОРЕД СИСТЕМАТИЗАЦИЈА

Во оваа категорија се следи дали постојано вработените во структурите на ИПА се во согласност со систематизацијата на работните места и се во предвидениот број за да се овозможи ефективно и ефикасно функционирање. Како основа се зема бројот на вработените во институциите. Анализата и наодите се извршени врз основа на добиените одговори на барањата за пристап до информации од јавен карактер до надлежните институции[30], како и интервјуата со соодветните претставници на институции[31].

Од увидот на расположливите податоци, најголемиот број од вработените во ИПА-структурата се распоредени на работни места според систематизацијата. Од интервјуата со дел од релевантните лица од институциите може да се нотира нивниот став дека вработените во структурите на ИПА некогаш добиваат овластувања да работат на работни задачи различни од ИПА.

Имајќи предвид дека постои флуктуација кај вработените (види поглавје 2.2.), се појавува недостаток на стручна оспособеност кај нововработените, како и одлив на вработени[32] што резултира со непополнетост на работните места во ИПА-одделенијата, во ИПА-структурите постои ризик во однос на ефективното и ефикасно функционирање.

30 Министерство за финансии-НАО, Министерство за локална самоуправа, Министерство за финансии, Министерство за транспорт и врски, Министерство за образование и наука, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за внатрешни работи, Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство, Министерство за правда, Министерство за информатичко општество и администрација пратија линкови до нивните интернет-страници и Министерството за здравство, кое одговорите не ги даде писмено, туку преку интервју.

31 Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за финансии, Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Кабинет на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, Министерство за труд и социјална политика и Министерство за образование, Министерство за труд и социјална политика - интеграција на Роми, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за локална самоуправа, Министерство за здравство, Министерство за финансии - Национален координатор за авторизација – НАО, Секретаријат за европски прашања

32 Интервју со ИПА-координатор на Министерството за правда

## 2.4 ОПЕРАТИВНА ПОЛИТИКА ЗА ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИПА-СТРУКТУРИТЕ

Со оваа категорија се следи дали е усвоена и дали се применува оперативна политика со активни мерки за задржување на вработените во ИПА-структурите. Според информации со кои располагаме, за вработените од ИПА важат општите услови од Законот за работните односи[33], како и Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Испратено е барање за пристап до информации од јавен карактер до надлежните институции за тоа каква е оперативната политика за задржување на вработените во ИПА-структурите, при што е добиен следниот одговор:

*„Со измените на Законот за извршување на Буџетот за 2021 година („Службен весник на РСМ” бр. 171/2021), како и Законот за извршување на Буџетот за 2022 („Службен весник на РСМ” бр. 287/2021), обезбедено е времено решение за мотивација и зарекување на вработените во ИПА-структурите. Решението обезбедува 15% линеарен додаток на плата на вработените во ИПА-структурите.*

*Наведените закони се објавени на веб-страницата на ЈП „Службен весник“, на следниот линк: https://www.slvesnik.com.mk.*

*Дополнително, работната група формирана од НИПАК/Секретаријат за европски прашања работи на долгорочно одржливо систематско решение на политиката за мотивација и задржување на вработените во ИПА-структурите, каде што може да се обратите за подетални информации“.*

## 2.5 ОПЕРАТИВНИ ПРОГРАМИ ЗА ОБУКА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СТРУКТУРИТЕ

Според методологијата за следење во сенка, се проверува дали постојат усвоени функционални програми за обуки за вработените во ИПА-структурите за кои редовно се одвојуваат средства во рамките на Тренинг-центарот во Секретаријатот за европски прашања (СЕП).

33 „Службен весник на РМ“, бр. 74 од 8.5.2015 година

Испратено е барање за пристап до информации од јавен карактер до надлежните институции за програмите за обуки на вработените во ИПА-структурите за кои редовно се одвојуваат средства во рамките на Тренинг-центарот во Секретаријатот за европски прашања (СЕП), при што е добиен следниот одговор:

*„Во 2021 година, во рамките на Буџетот на Секретаријатот за европски прашања на посебна ставка се одвоени средства за работа на Центарот за обука на СЕП. Во 2021 година напори се вложија во обезбедување кадри, меѓународни соработки, правна консолидација на начинот на работа на Центарот за обука на СЕП, како и прилагодување и опремување нови простории за негова работа и испорачување обуки. Имено, токму овие средства од Буџетот на СЕП, алоцирани за Центарот за обука, беа наменети за овие дејности на прилагодување и опремување на просториите за испорака на обуки.*

*Во 2021 година Центарот за обука на СЕП во капацитетот што го имаше и преку воспоставените меѓународни соработки организираше, коорганизираше и испорачуваше и обуки и други активности за јакнење на административните капацитети, кои поради тековната пандемија, во најголем дел беа испорачувани онлајн. Оттаму, и трошоците за спроведување на обуките беа минимални, односно беа дел од катадневното работење.*

*Во текот на 2021 година беа спроведени следниве соработки, односно обуки испорачани онлајн и комбинирано, со кои беа опфатени голем број лица од администрацијата на централно ниво од министерствата и органите во состав, Собранието и ИПА оперативната структура:*

- *Организиран онлајн-семинар за директивите Directives 2013/34 & 2014/56 во однос на работата на економските оператори, одржан на 29.3.2021 (15 учесници од релевантни институции);*
- *Серија онлајн-обуки во коорганизација со СЕП преку проектот Nordic Support for Progress of North Macedonia - 71 обука;*
- *Прва обука во коорганизација со ИПА-проектот „Поддршка за управување со ЕУ-фондови", во комбиниран стил: со физичко присуство и онлајн, во траење од 21 ден - 18 слушатели (во прилог агенда и список на учесници). NB: оваа обука за претежно новодојден кадар во ИПА-структурата во текот на 2022 година ќе се повтори во два наврата со истата агенда за нов опфат на учесници).*

*Во текот на месец декември 2021 година беше спроведена Анкета - Прашалник за утврдување потреби од обука за ИПА-структурата. Врз основа на наодите од овој прашалник, во текот на јануари 2022 година ќе се подготви План за обуки за ИПА-оперативната структура за периодот 2022-2024. (https://www.sep.gov.mk/page/?id=26#.YekferMKUk)*

*Во однос на јавното објавување, во текот на 2021 година се одвива процес на унифицирање и редизајн на веб-страницата на СЕП. Од тие причини, многу мал број информации на страницата се активни во моментот“.*

## 2.6 ОБЈАВУВАЊЕ ИНДИКАТИВЕН КАЛЕНДАР ЗА ПРОГРАМИРАЊЕ НА ИПА 2

Според методологијата, се следи дали НИПАК изработува и објавува јавно индикативен календар за програмирањето во ИПА со податоци за вклучените актери, потребните информации за програмирање, очекувани резултати, индикатори за следење, одговорности и сл.

Испратено е барање за пристап до информации од јавен карактер до надлежните институции за тоа каде е објавен индикативен календар за програмирањето во ИПА, при што е добиен следниот одговор:

*„Во врска со вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме дека Индикативен календар за програмирање на ИПА не постои. Темпото на програмирање го диктира Европска Унија, а ние чекор по чекор ги следиме и постапуваме“.*

## 2.7 ИНФОРМАЦИИ ЗА СТАПКАТА НА СКЛУЧЕНИ ДОГОВОРИ НА ГОДИШНО НИВО ЗА ИПА 2

Се следи дали постојат јавно достапни ажурирани информации за бројот на склучени договори на годишно ниво за ИПА на веб-страниците на СЕП и ЦФЦД.

1. Постојат листи со преглед на бројот на склучени договори на годишно ниво за ИПА на интернет-страницата на ЦФЦД[34]

34 https://cfcd.finance.gov.mk/?page_id=2163

2. Постојат линкови за информации од програмите и проектите на ИПА:

   ИПА 1: https://www.sep.gov.mk/category/?id=20

   ИПА 2: https://www.sep.gov.mk/category/?id=56

   ИПА 3: https://www.sep.gov.mk/page/?id=1120#.YdV7zWjMKUk

## 2.8 ИНФОРМАЦИИ ЗА СТАПКАТА НА ИСПЛАТИ НА НИВО НА ИПА-ПРОГРАМА

За целите на овој извештај се следи дали јавно се достапни ажурирани информации за стапката на исплати на ниво на ИПА-програма на веб-страницата на СЕП и ЦФЦД.

На интернет-страницата на НИПАК е објавен извештај за 2020[35] на англиски јазик насловен „Извештај за имплементација на ИПА-помошта во 2020 година“.

Од информациите добиени преку интервју со претставник на Секретаријатот за европски прашања во однос на  искористеноста од ИПА 1 и ИПА 2, се споменува износ од исплати на ниво на ИПА 1 од 30 милиони евра што претставува 68%, односно 9 милиони евра или 25% исплати на ниво на ИПА 2.

## 2.9 ИНФОРМАЦИИ ЗА НЕПРАВИЛНОСТИ И ИЗМАМИ

Во оваа категорија се следи дали јавно се достапни ажурирани информации за утврдени неправилности и измами.

На интернет-страницата на АФКОС – Одделение за координација на борба против измама на ЕУ-средства[36] постои можност за пријава на неправилности и измами.

Во текот на 2021 година, на интернет-страницата на ЦФЦД, под менито „Неправилности“ се објавени[37] информации за тоа што се под-

35 https://www.sep.gov.mk/post/?id=5772#.YgZ7U9_MI2w
36 https://bit.ly/34A85H4
37 https://cfcd.finance.gov.mk/?page_id=15&lang=mk

разбира под „неправилност“ и „измама“. Исто така, постои електронски формулар за пријава, како и линк за пријава на неправилности и измами директно до Организација за борба против измама на Европската комисија (ОЛАФ).

На истата страница се објавени публикации на ОЛАФ, **Збирка**[38] на анонимни случаи за структурните фондови на ЕУ и **Практикум**[39] на истраги спроведени од ОЛАФ поврзани со надворешна помош. Сепак, не можат да се најдат објавени и јавно достапни ажурирани информации за утврдени неправилности и измами за случаи утврдени при управување на помошта од страна на институциите од националните структури.

## 2.10 ДОСТАПНОСТ НА РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ

Според методологијата за следење во сенка, се проверува дали на веб-страницата на ревизорското тело за ИПА се јавно достапни и ажурирани извештаи од ревизија на претпристапната помош на ЕУ.

Надлежностите за ревизија на системот за имплементација, раководење и контрола на Инструментот за претпристапна помош во Република Северна Македонија (ИПА) ги врши Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош. Ова тело е формирано со Закон[40] за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА).

На веб-страницата на ревизорското тело за ИПА[41] постојат општи информации за ИПА, поимник и контакти, информации за стандарди, завршна сметка и повеќе надворешни линкови. Сепак, при следење на оваа страница во текот на 2021 година[42], не можат да се најдат информации за објавени извештаи од ревизија на претпристапната помош на ЕУ.

38 https://cfcd.finance.gov.mk/wp-content/uploads/2013/07/OLAF-Casebook.pdf

39 https://cfcd.finance.gov.mk/wp-content/uploads/2013/07/OLAF-Compendium.pdf

40 „Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/10, 43/14, 154/15, 27/16, 190/16 и 83/18

41 http://www.aaipa.mk/index.php?lang=mk

42 Пристапувано е еднаш месечно во периодот помеѓу 15-тиот ден од месецот.





# ФИНАЛНИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**1.** Обезбедено е времено решение за мотивација и задржување на вработените во ИПА-структурите со 15% линеарен додаток на плата на вработените на годишно ниво за 2021 година. Потребно е донесување долгорочно одржливо систематско решение на политиката за мотивација и задржување на вработените во ИПА-структурите.

**2.** Во текот на 2021 година продолжува унапредувањето на достапноста на актите и документите за ИПА, особено за програмирањето на ИПА 3, што е пример на добра пракса кој треба да се користи и натаму за следните етапи на програмирање.

**3.** Постои можност за подобрување во однос на објавување ажуриран и целосен преглед на податоците за склучените договори од ИПА на годишно ниво, одделно и кумулативно за секоја година и за секој сектор и програма на веб-страницата на НИПАК.

**4.** Расположливите информации за Индикативниот календар за програмирање на помошта од ИПА да се објавуваат на веб-страницата на НИПАК така што ќе се овозможува навремено и суштинско вклучување на организациите на граѓанското општество во проценката на релевантноста и зрелоста на предлог-проектите.

**5.** Ревизорското тело за ИПА треба да ги направи јавно достапни извештаите од спроведените ревизии за искористените средства од ИПА.



# АНЕКС 1
# ПРОГРАМИРАЊЕ НА ИПА 3 ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2021 ГОДИНА

Оваа табела за програмирање на ИПА, содржи преглед за состојбата во 2021 со внесени видови акции и информации по години, како и предвидениот модалитет за управување. Табелата е индикативна и се состои од сумирани информации од различни извори:

1) Акциите од Програмата 2021 се состојат од акциски документи доставени до ЕУ во март 2021, а за кои во декември 2021 донесена е Имплементирачка одлука на Европската комисија од 16.12.2021 г. за финансирање на годишниот акционен план во корист на Република Северна Македонија за 2021 година[43].

2) Акциите од Програмата 2022 се состојат од акциски документи доставени до ЕУ во ноември 2021, а за кои допрва треба да се донесе Имплементирачка одлука на Европската комисија до крајот на календарската 2022 година, односно потребната документација за имплементација.

3) За другите години, акциите се предвидени во Стратегискиот документ[44] на Северна Македонија за ИПА 3. Од информациите добиени преку интервју со претставник на Секретаријатот за европски прашања, во однос на програмирањето за 2023-2024 година се доцни, а во однос на акциите наведени во Стратегискиот документ, тие треба да се земат како индикативни затоа што изгледно е дека ќе претрпат измени во процесот на програмите.

43 C(2021) 9732

44 https://bit.ly/34S288k

Во однос на наведените износи во табелата, доколку се споредат сумите и алокациите, постојат одредени разлики во споредба на информациите од стратегискиот одговор со тие од донесените или поднесените акциските документи. Во таа смисла, за конечни во табелата се земаат оние износи што се наведени во документите за кои е склучена имплементирачка одлука или, пак, од најновата расположлива верзија на акцискиот документ. Има случаи и од доставениот акциски документ до усвоениот документ со Имплементирачка одлука да постои одредена разлика во алокациите.

Имајќи предвид дека допрва претстои склучување Имплементирачка одлука и други одлуки на ниво на ЕУ за сите други години од 2022 до 2027 година, како и дополнително цели етапи на програмирање, јасно е дека ќе има разлики во вкупните суми понатаму, поради новите правила на ИПА 3. Затоа меѓузбировите и вкупните збирови по прозорци наведени во табелата се само индикативни износи, кои натаму ќе бидат променети.

| ПРОЗОРЕЦ 1:<br>ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО, ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА И ДЕМОКРАТИЈА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Акција | Проценет вкупен буџет<br>(милиони евра) | Баран придонес од ИПА<br>(милиони евра) | План/аранжмани за имплементација | Секторска работна група |
| **Тематски приоритет 1** - Правосудство<br>**Тематски приоритет 2** - Борба против корупцијата | | | | |
| 2021 | | | | |
| **ЕУ за ефикасно судство и засилена превенција на корупцијата** | 9.6 | 8,5 | Предвидено е акцијата да се спроведува преку директно управување преку набавки и грантови.<br>**Акциски документ** поднесен во март 2021 година, Имплементирачка одлука на Европската комисија е донесена во декември 2021 година. | Правда |
| 2023-2024 | | | | |
| **Борба против корупцијата, зајакнување на демократијата и основните права** | 9 | 8 | Предвидено е акцијата да се спроведува преку директно управување и можно индиректно управување со меѓународна организација (IMIO). | Правда |
| **Вкупно ТП 1 & 2 (2021-2024)** | **18,6** | **16,5** | | |
| **Тематски приоритет 3 -** Борба против организираниот криминал/безбедност<br>**Тематски приоритет 4 -** Миграција и управување со границите | | | | |
| 2021 | | | | |
| **ЕУ против организираниот криминал, за поддршка на трговијата** | 14 | 10,6 | Предвидено е акцијата да се спроведува преку директно управување и индиректно управување со Меѓународната организација. Имплементацијата преку директно управување вклучува набавки (договори за услуги и набавки) и грантови (твининг).<br>**Акциски документ** поднесен во март 2021 година, Имплементирачка одлука на Европската комисија е донесена во декември 2021 година. | Внатрешни работи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЕУ за гранично управување (Регионална програма) | 4 | 4 | Акцијата преку ИОМ ги поддржува прифатните центри и граничарите.<br>Регионална програма на ЕУ | Внатрешни работи |
| 2022 | | | | |
| Подобрување на управувањето со миграцијата | 8 | 8 | Можно индиректно управување со меѓународна организација. Алтернативно директно управување<br>* Во зависност од одлуката на ГД „Неар“, оваа акција може да се одложи за 2023 година. | Внатрешни работи |
| 2023-2024 | | | | |
| Борба против организираниот криминал и тероризмот | 4 | 3 | Директно управување преку набавки. | Внатрешни работи |
| **Вкупно ТП 3 & 4 (2021-2024)** | **30** | **25,6** | **Вклучувајќи 4,0 милиони евра преку регионална програма** | |
| **Индикативен буџет, вкупно за прозорецот (2021-2024)** | **48,6** | **42,1** | **Вклучувајќи 4,0 милиони евра преку регионална програма** | |

| ПРОЗОРЕЦ 2:<br>ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ, УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО, ДОБРОСОСЕДСКИ ОДНОСИ И СТРАТЕГИСКА КОМУНИКАЦИЈА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Акција** | **Проценет вкупен буџет**<br>(милиони евра) | **Баран придонес од ИПА**<br>(милиони евра) | **План/аранжмани за имплементација** | **Секторска работна група** |
| **Тематски приоритет 1** - Добро владеење | | | | |
| 2022 | | | | |
| **ЕУ за модерна јавна администрација** | 18,0 | 18,0 | Предвидено е акцијата да се спроведува преку директно управување. Имплементацијата вклучува (1) интервенција за буџетска поддршка на секторот со дополнителна помош и (2) интервенција заснована на проекти, која вклучува набавки (договори за услуги и набавки) и грантови (твининг).<br>**Акцискиот документ** е подготвен и поднесен во ноември 2021 година до службите на Европската комисија. | Реформа на јавната администрација |
| 2023-2024 | | | | |
| **ЕУ за модерно УЈФ** | 18,0 | 18,0 | Интервенција заснована на проекти, која вклучува набавки (договори за услуги, набавки) и грантови (за твининг). | Управување со јавни финансии |
| **Вкупно ТП 1 2021-2024** | **36,0** | **36,0** | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Тематски приоритет 2 -** Административен капацитет и усогласување со законодавството на ЕУ<br>**Тематски приоритет 4 -** Стратегиски активности за комуникација, следење, евалуација и комуникација | | | | |
| 2021 | | | | |
| Механизам за интеграција во ЕУ | 5,5 | 5,5 | Предвидено е Акцијата да се спроведува преку директно управување, модалитет базиран на проекти.<br>**Акциски документ** поднесен во март 2021 година, Имплементирачка одлука на Европската комисија е донесена во декември 2021 година. | Механизмот за интеграцијата на ЕУ (ЕУИФ) е основан во рамките на ИПА 2 како флексибилна алатка за финансирање, способна брзо да мобилизира ресурси за решавање на прашањата како што се појавуваат и во согласност со целите на ЕУИФ: (i) ефикасно да се спроведат преговорите за пристапување, да се постигне високо ниво на усогласување со правото на ЕУ и солидно искуство во реформските процеси; (ii) да се подобри управувањето со фондовите на ЕУ од страна на националните власти; (iii) да се осигури дека општеството на Северна Македонија е добро информирано за процесот на пристапување во ЕУ. |
| 2022 | | | | |
| Механизам за интеграција во ЕУ | 10,0 | 10,0 | Предвидено е акцијата да се спроведува преку директно управување, модалитет базиран на проекти.<br>**Акцискиот документ** е подготвен и поднесен во ноември 2021 година до службите на Европската комисија. | Механизмот за интеграцијата на ЕУ (ЕУИФ) е основан во рамките на ИПА 2 како флексибилна алатка за финансирање |
| 2023-2024 | | | | |
| Механизам за интеграција во ЕУ | 15,0 | 15,0 | Предвидено е акцијата да се спроведува преку директно управување, модалитет базиран на проекти. | Механизмот за интеграцијата на ЕУ (ЕУИФ) е основан во рамките на ИПА 2 како флексибилна алатка за финансирање |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно ТП 2 & 4 (2021-2024)** | **30,5** | **30,5** | | |
| **Индикативен буџет, вкупно за прозорецот (2021-2024)** | **66,5** | **66,5** | | |

ПРОЗОРЕЦ 3:
ЗЕЛЕНА АГЕНДА И ОДРЖЛИВА ПОВРЗАНОСТ

| Акција | Проценет вкупен буџет (милиони евра) | Баран придонес од ИПА (милиони евра) | План/аранжмани за имплементација | Секторска работна група |
|---|---|---|---|---|
| **Тематски приоритет 1** - Животна средина и климатски промени | | | | |
| 2021 | | | | |
| **ЕУ за стандарди за животна средина и чист воздух** | 26 | 22 | Акцијата предвидено е да се спроведува преку директно и индиректно управување со меѓународни организации.<br>**Акциски документ** поднесен во март 2021 година, имплементирачка одлука на Европската Комисија е донесена во декември 2021 година. | Животна средина и климатски акции |
| **ЕУ за Преспа** | 21,73 | 18 | Акцијата предвидено е да се спроведува преку директно и индиректно управување со меѓународни организации.<br>**Акциски документ** поднесен во март 2021 година, имплементирачка одлука на Европската Комисија е донесена во декември 2021 година. | Животна средина и климатски акции |
| 2022 | | | | |
| **ЕУ за модерни системи за отпадни води** | 63,0 | 26,5 | Акцијата предвидено е да се спроведува преку индиректно управување со државата-корисничка (или алтернативно со меѓународна организација). Имплементацијата вклучува договори за услуги, набавки и работи.<br>**Акциски документ** подготвен и доставен во ноември 2021 година до службите на Европската Комисија. | Животна средина и климатски акции |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2023-2024** | | | | |
| **ЕУ за чиста животна средина и модерно управување со кризи** | 15,0 | 15,0 | Акцијата предвидено е да се спроведува преку директно управување | Животна средина и климатски акции |
| **Вкупно ТП 1 (2021 - 2024)** | **125,73** | **81,5** | | |
| **Тематски приоритет 2** - Транспорт, дигитална економија и општество и енергија | | | | |
| **2022** | | | | |
| **ЕУ за транспортно поврзување и безбедни патишта** | 29,5 | 19,5 | Предвидено е акцијата да се спроведува преку директно управување (може да се предвиди и индиректно управување со државата корисничка).<br>**Акцискиот документ** е подготвен и доставен во ноември 2021 година до службите на Европската комисија. | Транспорт |
| **2023-2024** | | | | |
| **ЕУ за модерни транспортни системи** | 15,0 | 15,0 | Директно управување. | Транспорт |
| **ЕУ за ефективни енергетски системи** | 6,0 | 6,0 | Директно управување. | Енергија[45] |
| **Вкупно ТП 2 (2021-2024)** | **50,5** | **40,5** | | |
| **Индикативен буџет, вкупно за прозорецот (2021-2024)** | **166,23** | **122,0** | | |

45 Во Стратегискиот документ за ИПА 3 наведена е 13-та секторска работна група. Во тек на интервју со претставник на Секретаријатот за европски прашања беше дадено појаснување дека се предвидува формирање на нова СРГ за енергетика

| ПРОЗОРЕЦ 4:<br>КОНКУРЕНТНОСТ И ИНКЛУЗИВЕН РАСТ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Акција | Проценет вкупен буџет<br>(милиони евра) | Баран придонес од ИПА<br>(милиони евра) | План/аранжмани за имплементација | Секторска работна група |
| **Тематски приоритет 1** - Образование, вработување, политики за социјална заштита и инклузија и здравство | | | | |
| 2022 | | | | |
| **ЕУ за подобрена здравствена и социјална заштита и родова еднаквост** | 11,12 | 11,0 | Предвидено е акцијата да се спроведува преку директно управување, преку набавка, што вклучува договори за услуги, набавки и работи.<br>**Акцискиот документ** и придружните материјали се доставени до службите на Европската комисија во ноември 2021 година. | Образование, вработување и социјална политика<br>Здравство<br>Интеграција на Роми |
| 2023-2024 | | | | |
| **ЕУ за работни места и можности** | 13,5 | 11,0 | Директно управување. | Образование, вработување и социјална политика |
| **ЕУ за човечки капитал** | 7,5 | 7,0 | Директно управување. | Образование, вработување и социјална политика |
| **ЕУ за здравство** | 9,5 | 8,0 | Директно управување. | Здравство |
| **Вкупно ТП1 (2021-2024)** | **41,62** | **37,0** | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Тематски приоритет 2 -** Развој на приватниот сектор, трговија, истражување и иновации<br>**Тематски приоритет 3 -** Земјоделство и рурален развој | | | | |
| 2021 | | | | |
| **ЕУ за зелена економија** | 33,35 | 25,85 | Предвидено е акцијата да се спроведува преку директно управување преку набавки (услуги и работи) и еден грант.<br>**Акциски документ** поднесен во март 2021 година, Имплементирачка одлука на Европската комисија е донесена во декември 2021. **година** | Земјоделство и рурален развој |
| 2023-2024 | | | | |
| **ЕУ за поволно деловно опкружување** | 12,0 | 10,0 | Директно управување. | Конкурентност и иновации |
| **ЕУ за одржливо земјоделство и рибарство** | 10,0 | 9,0 | Директно управување. | Земјоделство и рурален развој |
| **Вкупно ТП2 &3 (2021-2024)** | **55,35** | **44,85** | | |
| **Индикативен буџет вкупно за прозорецот***<br>(2021-2024) | **96,97** | **81,85** | | |

* Буџетот може да претрпи понатамошни измени во секторот образование, вработување и социјална политика, за каде што е предвидено да се подготват секторски оперативни програми за периодот 2024-2027

ПРОЗОРЕЦ 5:
ТЕРИТОРИЈАЛНА И ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА

## Билатерални прекугранични програми[46]

1. **ПС Република Северна Македонија - Република Албанија**

   **Тематски приоритет 1 –** Заштита на животната средина, адаптација и ублажување на климатските промени, превенција и управување со ризик (ТП 2)

   **Тематски приоритет 2 –** Туризам и културно и природно наследство (ТП 5)

   **Тематски приоритет 3 –** Техничка помош (ТП 0)

2. **ПС Република Косово - Република Северна Македонија**

   **Тематски приоритет 1 –** Конкурентност, деловно опкружување и развој на мали и средни претпријатија, трговија и инвестиции (ТП 8)

   **Тематски приоритет 2 –** Заштита на животната средина, адаптација и ублажување на климатските промени, превенција и управување со ризик (ТП 2)

   **Тематски приоритет 3 –** Техничка помош (ТП 0)

3. **ПС Република Србија - Република Северна Македонија**

   **Тематски приоритет 1 –** Вработување, мобилност на работната сила и социјална и културна вклученост преку границите (ТП 1)

   **Тематски приоритет 2 –** Поттикнување на туризмот и културното и природното наследство (ТП 2)

   **Тематски приоритет 3 –** Техничка помош (ТП 0)

## ИНТЕРРЕГ програми[47]

1. **Република Бугарија - Република Северна Македонија**

   **Тематски приоритет 1 (конкретна цел) –** Зголемување на конкурентноста на локалната економија и подобрување на деловното опкружување

46 https://bit.ly/34S288k
47 Ibid

**Тематски приоритет 2 (конкретна цел) –** Културното и историското наследство на Република Бугарија и Република Северна Македонија: предуслов за развој на атрактивен туристички производ за сите сезони преку паметни решенија што обезбедуваат универзален пристап и учество

2. **Република Грција - Република Северна Македонија**

**Тематски приоритет 1 –** Зајакнување на институционалните капацитети за поефективни политики за регионален развој

**Балкански Медитеран (Балкан Мед)**

**Тематски приоритет (ПО) 1 –** Попаметна Европа преку промовирање иновативна и паметна економска трансформација

**Тематски приоритет (ПО) 2 –** Позелена Европа со ниска потрошувачка на јаглерод преку промовирање чиста и правична енергетска транзиција, зелени и сини инвестиции, кружна економија, климатска адаптација и превенција и управување со ризици

**Тематски приоритет (ПО) 5 –** Европа поблиску до граѓаните преку поттикнување одржлив и интегриран развој на урбаните, руралните и крајбрежните области и локални иницијативи

**АДРИОН програма**

**Тематски приоритет (ПО) 1 –** Попаметна Европа преку промовирање иновативна и паметна економска трансформација

**Тематски приоритет (ПО) 2 –** Позелена Европа со ниска потрошувачка на јаглерод преку промовирање чиста и правична енергетска транзиција, зелени и сини инвестиции, кружна економија, климатска адаптација и превенција и управување со ризици

**Тематски приоритет (ПО) 3 –** Поврзана Европа преку зајакнување на мобилноста и регионалното поврзување со ИКТ

# АНЕКС 2
# ПРОГРАМСКИ ДОКУМЕНТИ 2021 И 2022 ГОДИНА

## ПРОГРАМСКИ ДОКУМЕНТИ 2021 ГОДИНА

| ЕУ ЗА ЕФИКАСНО СУДСТВО И ЗАСИЛЕНА ПРЕВЕНЦИЈА НА КОРУПЦИЈАТА | | |
|---|---|---|
| **Очекуван исход** | **Придонес на ЕУ** (износ во евра) | **Индикативен придонес од трета страна** |
| **1.** Засилена дигитализација на државните институции во судството | 6,000,000 | 1,000,000 |
| **2.** Зајакнати капацитети на Уставниот суд за контрола на уставноста и законитоста на донесените нормативни акти | 1,000,000 | |
| **3.** Техничка документација за новите простории на Академијата за судии и јавни обвинители | 500,000 | |
| **4.** Подигната јавна нетолеранција кон корупцијата | 1,000,000 | 100,000 |
| **Вкупно** | **8,500,000** | **1,100,000** |

| ЕУ ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ, ЗА ПОДДРШКА НА ТРГОВИЈАТА | | |
|---|---|---|
| **Очекуван исход** | **Придонес на ЕУ** (износ во евра) | **Индикативен придонес од трета страна** |
| **1.1.** Дигитализација и проширена употреба на записи и податоци за истрага и контрола | 1,400,000 | 400,000 |
| **1.2.** Зајакнати институционални и технолошки капацитети за истражување на организираниот и прекуграничен криминал и корупција | 3,000,000 | 500,000 |
| **2.1.** Реновирани и надградени граничните премини со Бугарија во согласност со стандардите на ЕУ | 2,200,000 | 1,700,000 |
| **2.2.** Нов компјутеризиран транзитен систем (NCTS) Фаза 5 во согласност со најновите барања на ЕУ | 4,000,000 | 800,000 |
| **Вкупно** | **10,600,000** | **3,400,000** |

| МЕХАНИЗАМ ЗА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ | | |
|---|---|---|
| **Очекуван исход** | **Придонес на ЕУ** (износ во евра) | **Индикативен придонес од трета страна** |
| **1.** Процесот на пристапување поткрепен во целост (засилено усогласување со правото на ЕУ и ЕУ/меѓународните стандарди, подобрена имплементација на правната рамка во пракса и зголемена јавна поддршка за процесот на пристапување во ЕУ)<br><br>**2.** Подобрена ефективност и видливост на фондовите на ЕУ инвестирани во земјата (секторскиот пристап е зголемен, финансирањето и политиката на ЕУ создадоа одржлива и видлива развојна промена) | 5,500,000 | |
| **Вкупно** | **5,500,000** | |

## ЕУ ЗА СТАНДАРДИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЧИСТ ВОЗДУХ

| Очекуван исход | Придонес на ЕУ (износ во евра) | Индикативен придонес од трета страна |
|---|---|---|
| **1.1.** Законодавната рамка подобро усогласена со правото на ЕУ и институционалната рамка спроведена | 4,450,000 | |
| **1.2.** Подготвена планска и техничка документација за изградба на интегриран систем за управување со отпад за Скопскиот регион | 5,000,000 | |
| **1.3.** Исчистено мало езерце на индустриската локација ОХИС | 2,500,000 | 4,000,000 |
| **2.1.** Загадувањето генерирано од системите за греење е намалено | 6,000,000 | |
| **2.2.** Загадувањето што го создава јавниот превоз е намалено | 1,600,000 | |
| **2.3.** Создадени зелени појаси | 400,000 | |
| **2.4.** Воспоставени предуслови за проширување на централното парно во Скопје | 2,000,000 | |
| Непредвидени ситуации | 50,000 | |
| **Вкупно** | **22,000,000** | **4,000,000** |

| ЕУ ЗА ПРЕСПА | | |
|---|---|---|
| **Очекуван исход** | **Придонес на ЕУ** (износ во евра) | **Индикативен придонес од трета страна** |
| **1.1.** Намалено загадување од човечки активности | 10,570,000 | 1,143,000 |
| **1.2.** Зачувани и заштитени природни ресурси | 2,260,000 | 273,000 |
| **2.1.** Зголемено учество на еколошко земјоделство | 1,270,000 | 20,000 |
| **2.2.** Промовиран и диверзифициран одржлив туристички производ | 1,100,000 | 350,000 |
| **3.1.** Зајакната стратешка визија за развој на прекуграничната област Преспа | 1,820,000 | 1,770,000 |
| **3.2.** Воспоставен граничен премин со Грција (Маркова Нога) | 930,000 | 170,000 |
| Непредвидени ситуации | 50,000 | |
| **Вкупно** | **18,000,000** | **3,726,000** |

| ЕУ ЗА ЗЕЛЕНА ЕКОНОМИЈА | | |
|---|---|---|
| **Очекуван исход** | **Придонес на ЕУ** (износ во евра) | **Индикативен придонес од трета страна** |
| **1.** Воспоставен Грининг бизнис фасилити | 20,150,000 | 7,000,000 |
| **2.** Засилена соработка и позиција на земјоделците во синџирот на снабдување | 5,650,000 | 500,000 |
| Непредвидени ситуации | 50,000 | |
| **Вкупно** | **25,850,000** | **7,500,000** |

# ПРОГРАМСКИ ДОКУМЕНТИ 2022 ГОДИНА

| ПОДОБРУВАЊЕ НА УПРАВУВАЊЕТО СО МИГРАЦИЈАТА | | |
|---|---|---|
| **Очекуван исход** | **Придонес на ЕУ** (износ во евра) | **Индикативен придонес од трета страна** |
| **1.** Зајакнати способности за управување со границите и миграцијата | 8,000,000 | 0 |
| **Вкупно** | **8,000,000** | **0** |

| ЕУ ЗА МОДЕРНА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА | | |
|---|---|---|
| **Очекуван исход** | **Придонес на ЕУ** (износ во евра) | **Индикативен придонес од трета страна** |
| Буџетска поддршка | 14,000,000 | |
| **1.** Подобрена употреба на статистичките и финансиските податоци во креирањето реформи во политиките и обезбедена економска стабилност | 2,500,000 | 0 |
| **2.** Подобрена ефективност и ефикасност на јавната администрација на Северна Македонија | 1,500,000 | 0 |
| **Вкупно** | **18,000,000** | **0** |

| МЕХАНИЗАМ ЗА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ | | |
|---|---|---|
| **Очекуван исход** | **Придонес на ЕУ** (износ во евра) | **Индикативен придонес од трета страна** |
| **1.** Процесот на пристапување поткрепен во целост (засилено усогласување со правото на ЕУ и ЕУ/меѓународните стандарди, подобрена имплементација на правната рамка во пракса и зголемена јавна поддршка за процесот на пристапување во ЕУ) | 10,000,000 | 0 |
| **2.** Подобрена ефективност и видливост на фондовите на ЕУ инвестирани во земјата (секторскиот пристап е зголемен, креирана ЕУ-политика и финансирање) | | |
| **Вкупно** | **10,000,000** | **0** |

| ЕУ ЗА МОДЕРНИ СИСТЕМИ ЗА ОТПАДНИ ВОДИ | | |
|---|---|---|
| **Очекуван исход** | **Придонес на ЕУ** (износ во евра) | **Индикативен придонес од трета страна** |
| **1.** Подобрена инфраструктура за собирање и третман на отпадни води во согласност со Директивата 91/271/ЕЕЗ во општините Штип, Велес и Виница. | 26,500,000 | 36,500,000 |
| **Вкупно** | **26,500,000** | **36,500,000** |

| ЕУ ЗА ТРАНСПОРТНО ПОВРЗУВАЊЕ И БЕЗБЕДНИ ПАТИШТА | | |
|---|---|---|
| **Очекуван исход** | **Придонес на ЕУ** (износ во евра) | **Индикативен придонес од трета страна** |
| **1.** Подготвени клучни идни инвестиции | 10,000,000 | 0 |
| **2.** Подобрена безбедност на патиштата долж Коридорот 10 | 9,500,000 | 2,000,000 |
| **Вкупно** | **19,500,000** | **2,000,000** |

| ЕУ ЗА ПОДОБРЕНА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И РОДОВА ЕДНАКВОСТ | | |
|---|---|---|
| **Очекуван исход** | **Придонес на ЕУ** (износ во евра) | **Индикативен придонес од трета страна** |
| **1.** Подобрен систем и практики за здравје и безбедност при работа | 2,500,000 | 0 |
| **2.** Зголемена ефикасност на системот за превенција и заштита на родово и семејно насилство | 1,000,000 | 120,000 |
| **3.** Подобрен квалитет на социјалните услуги | 1,500,000 | 0 |
| **4.** Подобрен одговор на државата на главните здравствени закани во земјата | 6,000,000 | 0 |
| **Вкупно** | **11,000,000** | **120,000** |

